*Република Северна Македонија*
*Општина Штип*
*Бр. 18-6638/2*
*14.11.2023*
*Ш т и п*

Врз основа на член 29 и член 50 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.32/20),член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02),и донесената Годишна програма за изработување на урбанистички планови на Општина Штип за 2023 година со Одлука бр. 08-1080/1 од 08.02.2023 година, од Советот на Општина Штип Градоначалникот на Општина Штип го доставува следниот:

**ЈАВЕН ПОВИК**
**За организирање на јавна презентација и јавна анкета**
**по изготвен**
**ДУП за Урбана четврт ЦЕ блок 03 од ГУП за град Штип,**
**КО Штип 1, КО Штип 3, КО Штип 5, Општина Штип**

Планскиот опфат дефиниран за изработка на Детален урбанистички план за урбана четврт ЦЕ Блок 03 од ГУП за град Штип КО Штип-1, КО Штип-3 и КО Штип-5 Општина Штип, со својата местоположба припаѓа на територија на Општина Штип, во централниот дел на град Штип. Границата на планскиот опфат е утврдена во графичкиот дел на ГУП за град Штип плански период 2014-2029, донесен со Одлука бр.08-7987/1 од 31.12.2022г., согласно одредбите за спроведување на ГУП-от, како граница на детално планирање и за секој плански опфат се дадени границите на детален урбанистички план.

Вака дефинираната граница на планскиот опфат се совпаѓа со осовина на собирни сообраќајници планирани со ГУП и осовина на водени текови.

Границата на планскиот опфат претставена описно е следна:

-од запад и северозапад границата се совпаѓа со осовина на речно корито на река Брегалница;
-од југозапад границата се совпаѓа со осовина на улица „ Гоце Делчев";
-од југоисток границата се совпаѓа со осовина на улица „ Партизанска" и
- од североисток границата се совпаѓа со осовина на улица „ Вардарска".

Површината во границите на планскиот опфат изнесува 6,67 ха.



CamScanner



Должината на границата на планскиот опфат изнесува 1124,75м.

Согласно законската регулатива од областа на урбанистичко планирање, јавниот повик за одражување на јавната анкета и јавната презентавија по изготвен ДУП за Урбана четврт ЦЕ блок 03 од ГУП за град Штип, КО Штип 1, КО Штип 3, КО Штип 5, Општина Штип, Нацрт план (плански период 2023-2028), ќе се спроведува преку информацискиот систем на е урбанизам (https://www.e-urbanizam.mk/), се објавува на официјалната страна на Општина Штип (https://stip.gov.mk/), огласна табла на Општина Штип и преку соопштенија во подрачјето на планскиот опфат.

**ЈАВНИОТ ПОВИК** за спроведување на Јавна анкета и јавна презентација започнува **на 16 Ноември 2023 год (Четврток) и истиот ќе трае петнаесет работни денови односно до 7 Декември 2023 год (Четврток).**

Јавната анкета и јавната презентација по ДУП за Урбана четврт ЦЕ блок 03 од ГУП за град Штип, КО Штип 1, КО Штип 3, КО Штип 5, Општина Штип, Нацрт план (плански период 2023-2028), ќе се спроведе со излагање на деталниот план во информацискиот систем на е урбанизам, печатени плакати и соопштенија во и околу планскиот опфат и на информациската табла на Општина Штип.

Јавната анкета ќе трае 35 работни дена од денот на објавувањето на Соопштението (11 Декември 2023 год-Понеделник) и тоа од 12 Декември 2023 год (Вторник) и истиот ќе трае до 01 Февруари 2024 год (Четврток), а јавната презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден 17 Јануари 2024 (Среда), во 11:00 часот во просториите на Сала 2 на Општина Штип. Во споменатиот рок, можат да се доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови во писмена и електронска форма преку информатички систем на е урбанизам.

*Изработил:*
*Драгана Штерјова, диа*
*Контролирал:*
*Лазар Хаџи Николов*

*Секретар на Општина Штип*
*Вишна Шорова-Ангелова*

***ОПШТИНА ШТИП***
*Градоначалник*
*Иван Јорданов*



CamScanner